**20210731144**

## СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на членот 75, ставови 1 и 2 од Уставот на Република Северна Македонија, претседателот на Република Северна Македонија и претседателот на Собранието на Република Северна Македонија издаваат

## УКАЗ ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ИЗБОРНИОТ ЗАКОНИК

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Изборниот законик,

што Собранието на Република Северна Македонија го донесе на седницата одржана на 2 април 2021 година.

Бр. 08-1776/1
2 април 2021 година
Скопје

Претседател на Република
Северна Македонија,
**Стево Пендаровски,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Северна Македонија,
м-р **Talat Xhaferi,** с.р.

## ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ИЗБОРНИОТ ЗАКОНИК

Член 1

Во Изборниот законик („Службен весник на Република Македонија“ број 40/2006, 136/2008, 148/2008, 155/2008, 163/2008, 44/11, 51/11, 142/12, 31/13, 34/13, 14/14, 30/14, 196/15, 35/16, 97/16, 99/16, 136/16, 142/16, 67/17, 125/17, 35/18, 99/18, 140/18, 208/18 и 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 98/19 и 42/20), во член 16 во ставот (1) зборот „првата“ се заменува со зборот „втората“.

Член 2

Во член 32 во ставот (1) зборовите: „во рок од три дена од денот на распишувањето на изборите“ се бришат.

Во ставот (2) по зборовите: „добиеното барање“ се додаваат зборовите: „за формирање на Општинските изборни комисии и Избирачките одбори“.

Член 3

Во членот 43 став (1) во алинејата 5 сврзниот „и“ се заменува со запирка.

Во алинејата 6 точката на крајот од реченицата се заменува со сврзникот „и“.

По алинејата 6 се додава нова алинеја 7, која гласи:

„- фотографија и отпечатоци од прсти.“.

Во ставот (4) во првата реченица зборовите: „Податоците од ставовите (1) и (2)“ се заменуваат со зборовите: „Податоците од ставот (1) алинеи 1, 2, 3, 4, 5 и 6 и ставот (2)“.

Во втората реченица зборовите: „наредниот ден“ се заменуваат со зборовите: „во рок од 48 часа“.

По ставот (4) се додава нов став (5), кој гласи:

„(5) Податоците од ставот (1) алинеја 7 на овој член Министерството за внатрешни работи ги доставува до Државната изборна комисија по распишувањето на изборите или референдум.“.

Ставовите (5) и (6) стануваат ставови (6) и (7).

Член 4

Во член 45 во ставот (1) пред зборовите: „адреса на живеење“ се додаваат зборовите: „отпечатоци од прсти,“.

Во ставот (2) по зборовите: „отпечаток за избирачот“ се додаваат зборовите: „и отпечатоци од прсти“.

Во ставот (3) во алинејата 7 точката на крајот на реченицата се заменува со запирка.

По алинејата 7 се додава нова алинеја 8, која гласи:

„- отпечатоци од прсти.“.

Член 5

По членот 45 се додава нов член 45-а, кој гласи:

„Член 45-а

(1) Податоците за отпечатоци од прсти од Избирачкиот список се бришат во соодветна постапка во рок од десет дена по објавување на конечните резултати од изборите.

(2) Државната изборна комисија донесува Упатство за начинот и постапката за бришење на податоците од ставот (1) на овој член.“.

Член 6

Насловот пред членот 108-а и членот 108-а се менуваат и гласат:

**„Гласање со примена на техничка опрема**

Член 108-а

(1) Избирачите пристапуваат да гласаат еден по еден.

(2) Кога избирачот пристапува да гласа, избирачкиот одбор го проверува неговиот личен идентитет. Личниот идентитет избирачот го докажува со важечка лична карта или важечка патна исправа и со отпечаток од прсти.

(3) Избирачот не може да гласа доколку нема важечка лична карта или важечка патна исправа или доколку отпечатокот од прсти не се совпаѓа со отпечатокот од прсти во електронскиот избирачки список, иако истиот го има во Избирачкиот список.

(4) Избирачкиот одбор преку податоците од важечка лична карта или важечка патна исправа и со отчитување на отпечатоци од прсти кој треба да се совпаѓа со отпечатокот од прст на гласачот во електронскиот избирачки список за соодветното избирачко место во техничката опрема го потврдува идентитетот и врши проверка дали гласачот нема претходно гласано.

(5) Потврдувањето на идентитетот и проверката дали гласачот нема претходно гласано се врши на начин што од гласачот се зема отпечаток од показалецот од десната рака. Доколку нема десен показалец се зема отпечаток од показалецот од левата рака. Доколку му недостасуваат овие два прста се зема отпечаток од наредниот прст и истото се евидентира во дневникот за евиденција на настани. Доколку лицето нема две раце избирачкиот одбор ја констатира состојбата со евидентирање во дневникот за евиденција

на настани и во тој случај чекорот за вметнување отпечаток од прст се изоставува и гласачот се внесува во техничката опрема со пребарување преку неговиот единствен матичен број (ЕМБГ).

(6) По исклучок од ставот (3) на овој член, доколку техничката опрема не може да најде совпаѓање на отпечатокот од прсти со отпечатокот од прсти на гласачот во електронскиот избирачки список, а избирачкиот одбор може да го утврди личниот идентитет на гласачот преку важечка лична карта или важечка патна исправа и утврди дека гласачот нема претходно гласано преку потписите во избирачкиот список, во тој случај гласачот се внесува во техничката опрема со пребарување преку неговиот единствен матичен број (ЕМБГ) и му се зема отпечаток од прст со цел заштита на избирачкото право и избирачкиот одбор ја констатира состојбата со евидентирање во дневникот за евиденција на настани.

(7) Кога избирачкиот одбор ќе констатира дека избирачот кој е запишан во избирачкиот список го докажал својот идентитет и утврдил дека избирачот нема претходно гласано и отпечатокот од прст се совпаѓа со отпечатокот во електронскиот избирачки список, на екранот на мониторот ќе се појави сликата и редниот број во избирачкиот список на тој избирач, по што избирачкиот одбор го заокружува неговиот реден број во изводот од избирачкиот список и избирачот го става својот потпис, а ако е неписмен става отпечаток од десниот показалец. Ако избирачот нема десен показалец се зема отпечаток од показалецот од левата рака, а доколку нема ни лев показалец не се става отпечаток, а истото се евидентира во дневникот за евиденција на настани.

(8) По идентификацијата и потпишувањето во изводот од избирачкиот список, избирачот добива гласачко ливче.

(9) Доколку при проверката на податоците од важечка лична карта или важечка патна исправа и со отчитување на отпечаток од прст во техничката опрема се утврди дека избирачот претходно има гласано, техничката опрема известува за истото и на тој избирач нема да му се дозволи да гласа и избирачкиот одбор задолжително истото го евидентира во дневникот за евиденција на настани.

(10) Утврдување на идентитетот на гласачот и дали избирачот претходно има гласано се врши без техничка опрема во следниве случаи:

- за гласање на избирачи кои гласаат дома согласно со членот 111 од овој законик,
- за гласање на граѓаните кои за време на изборите се наоѓаат во установи за вонсемејна грижа согласно со членот 111-а од овој законик,
- за гласање на граѓаните кои за време на изборите се на издржување казна затвор или се во притвор, односно куќен притвор согласно со членот 113 од овој законик,
- за гласање на граѓаните кои за време на изборите се наоѓаат на привремена работа или престој во странство, врз основа на пријава за гласање согласно со членот 113- а од овој законик и
- за гласање на членовите на избирачките одбори за гласање во ДКП, односно конзуларните канцеларии согласно со членот 113-б од овој законик.

(11) Државната изборна комисија донесува детално упатство за начинот и постапката на потврдување на идентитетот на гласачите и проверката дали гласачот претходно гласал преку отчитување на отпечаток од прсти во техничката опрема, во зависност од карактеристиките на техничката опрема, како и за начинот на чувањето и обработката на податоците за отпечатоците од прсти согласно со законските прописи.“.

Член 7

По членот 108-а се додава нов член 108-б, кој гласи:

„Член 108-б

(1) Постапката за утврдување на идентитетот на гласачот предвидена во членот 108 од овој законик се применува исклучиво во случаите кога техничката опрема од членот 108-а од овој закон технички е неупотреблива и не може да се замени.

(2) За примена на членот 108 од овој законик согласно со ставот (1) на овој член одлучува Државната изборна комисија, по претходно писмено барање на Општинската изборна комисија, а врз основа на потврда од техничко-стручно лице ангажирано од Државната изборна комисија.

(3) При примената на ставот (1) на овој член во избирачкото место каде идентификацијата на гласачите се врши согласно со членот 108 од овој законик отпечаток од прст на гласачот се зема во посебна графа во отпечатениот извод од избирачкиот список. Доколку има поднесено приговор до Државната изборна комисија за отпечатоците во посебната графа во избирачкиот список, Државната изборна комисија задолжително врши нивна споредба со отпечатоците од прсти во електронскиот избирачки список и отпечатоците од прсти на гласачите коишто гласале на ниво на државата. Доколку нема приговор, споредба на отпечатоците може да побара секој член на Државната изборна комисија, а за основаноста на предлогот Комисијата одлучува со гласање.“.

Член 8

Во член 147 по ставот (9) се додаваат три нови ставови (10), (11) и (12), кои гласат:

„(10) Државната изборна комисија, на барање на член на комисијата задолжително врши увид во целокупниот избирачки материјал во Избирачкото место каде што гласањето се спровело на начин предвиден во членот 108-а став (6) од овој закон, само доколку на тој начин гласале:

- 5% од запишаните избирачи во избирачкиот список во Избирачките места до 200 гласачи,
- 3% од запишаните избирачи во избирачкиот список во Избирачките места од 201 до 500 гласачи и
- 2% од запишаните избирачи во избирачкиот список во Избирачките места над 500 гласачи.

(11) За гласачите кои гласале на начин предвиден во членот 108-а став (6) од овој закон и чиј што број го надминува процентот предвиден во ставот (10) на овој член, Државната изборна комисија на барање на член на комисијата, задолжително врши споредување на нивните отпечатоци од прсти со отпечатоците од прсти на сите останати гласачи кои гласале на начин предвиден во членот 108-а став (6) од овој закон и со отпечатоците од прсти на останатите гласачи во електронскиот избирачки список на ниво на држава.

(12) Споредувањето на отпечатоците од прсти предвидено во ставот (11) на овој член, Државната изборна комисија го врши со прибавување на посебен извештај од техничката опрема.“.

Ставот (10) станува став (13).

Член 9

Во членот 151 став (1) во алинејата 5 сврзникот „и“ се заменува со запирка.

По алинејата 5 се додава нова алинеја 6 која гласи:

„- бројот на отпечатоците од прсти од гласачите кои гласале не се совпаѓа со бројот на гласачки ливчиња во гласачката кутија и“.

Алинеја 6 станува алинеја 7.

Во ставот (2) зборовите: „1, 2, 5 и 6“ се заменуваат со зборовите: „1, 2, 5, 6 и 7“.

Член 10

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.